# ЕРГЕН ОДИ' БАБО СТО ГОДИНИ




Ерген оди бабо, сто години,
На стојпедесет, бабо, се јожени,

Мома сака, бабо, мома зема,
Се угоди, бабо, болникава.

Кога глава, бабо, кога срце,
Кога тенка, бабо, половина.

Ѝ заколи, бабо, кокошчица,
Ѝ осука, бабо, тенек баник.

Ѝ нап'ни, бабо, карта вино,
Ѝ остави, бабо, вреќа в'на.

Па си ојдо, бабо, на орање,
Ора, ора, бабо, па си дојдо.

Кокошчица, бабо, ни кошчица,
Од баникот, бабо, ни корчица.

Карта вино, бабо, капка нема,
Вреќа в'на, бабо, сета стое.

Па си зедо, бабо, суровица,
Десет јудри, бабо, едно брои.

Пеел Благоја Бандевски од Кавадарци—Тиквешко, 1937 година.

---

Карта — дрвен сад за вино или други пијалоци.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968